




МАКЕДОНИЈА

# (ФОТО) Скопската полиција денеска запленила над 6 000 парчиња пиротехнички средства

360степени | 28 декември, 2022 14:37




**Според соопштението на МВР, во првата акција биле запленети вкупно 4 811 парчиња различни видови пиротехнички средства, при што било приведено лицето што ги продавало. Во втората акција на подрачјето на Бит-пазар скопската полиција запленила 1 358 парчиња различни видови пиротехника**

Скопската полиција денеска заплени вкупно 6 169 парчиња пиротехнички средства на две локации во главниот град, информира Министерството за внатрешни работи (МВР).



Фото: МВР

Според соопштението на МВР, во првата акција биле запленети вкупно 4 811 парчиња различни видови пиротехнички средства, при што било приведено лице со иницијали И.К. од скопско Батинци, кое ја продавало пиротехниката на булеварот „Гоце Делчев“ во Скопје.

> **„По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава“,**
>
> велат од МВР.



Фото: МВР

Во втората акција што полицијата ја спровела на улица „192“ на подрачјето на Бит-пазар, запленети се вкупно 1 358 парчиња различни видови пиротехнички средства. МВР додава дека се работи на расчистување и на овој случај.

СПОДЕЛИ






## Последни новости


ВМРО-ДПМНЕ предлага предвремени избори во мај,...
28 ДЕКЕМВРИ, 2022


(ФОТО) Скопската полиција денеска запленила над...
28 ДЕКЕМВРИ, 2022


„Пиреј“ – дивоградбата на Пластичарска останува...
28 ДЕКЕМВРИ, 2022


Скопскиот воздух малку се подрасчисти, но...
28 ДЕКЕМВРИ, 2022


РКЕ: Се намалува цената на струјата...
28 ДЕКЕМВРИ, 2022






©2022 360 степени, Сите права се задржани